ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на
Програмата за активностите на Општина Велес
во областа на образованието во 2026 година

1. Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25 и 06/26):

- Во точка **1 АКТИВНОСТИ**:

- Во потточка 1.5.„Еднократна парична помош за прваче“ во колоната Предвидени средства износот „1.500.000,00“ се брише и се заменува со износот „1.400.000,00“.
- Потточка 1.6.„Финансиска поддршка на ученици и ментори за освоено прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар“ се менува и гласи: „Финансиска поддршка на ученици и ментори од основните и средните училишта на подрачјето на Општина Велес за освоено прво, второ или трето место/ награда на државен, меѓународен или олимписки натпревар“. Во колоната Предвидени средства износот „900.000,00“ се брише и се заменува со износот „1.000.000,00 “.

- Во точка **2. ТЕКОВНИ РАБОТИ,** во колона предвидени средства износот „100.000,00“ се брише и се заменува со износот „1.150.000,00“.

- Се додава нова потточка 2.2.„Финансиски средства за превоз на ученици во средните општински училишта“. Во колоната Предвидени средства се додава износот „10.050.000,00“.

- Во точка **3 ИНВЕСТИЦИИ** во колоната предвидени средства износот „15.124.540,00“ се брише и се заменува со износот „5.695.496,00“ :

- Во потточка **3.1.,,** Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес “ во колоната Предвидени средства износот „12.924.540,00“ се брише и се заменува со износот „3.495.496,00 “.

- Во делот **Вкупно** во колона Предвидени средства износот „17.726.540,00“ се брише и се заменува со износот „18.347.496,00“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година во точката 1. Активности во потточка 1.5.„Еднократна парична помош за прваче износот се намалува затоа по исплатата на финансиските средства остануваат нереализирани финансиски средства.

Во потточката 1.6 Финаниските средства се зголемуваат затоа што од таа потточка веќе има реализирано финансиски средста кои останаа нереализирани во текот на претходната година.

Се додава нова потточка 2.2.„Финансиски средства за превоз на ученици во средните општински училишта“ од причина што средните училишта имаат заостанати долгови за превоз на ученици што не можат да ги исплатат со финанските средства од блок- дотациите.

Потточката 3.1 Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес се менува согласно Планот на Програмата за развој и нереализираните финансиски средства ќе бидат испланирани за реализација во 2027 година.

Образование 2026		
	НАЗИВ	**Предвидени средства**
1	**АКТИВНОСТИ**	**2.502.000,00**
1.1	Прогласување најдобар наставник по одделенска и предметна настава од општинските основни училишта од Општина Велес	45.000,00
1.2	Прогласување најдобар наставник од општинските средни училишта од Општина Велес	23.000,00
1.3	Прогласување најдобар ученик од општинските основни училишта од Општина Велес	17.000,00
1.4	Прогласување најдобар ученик од општинските средни училишта од Општина Велес	17.000,00
1.5	Еднократна парична помош за прваче	1.400.000,00
1.6	Финансиска поддршка на ученици и ментори за освоено, прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар	1.000.000,00
2	**ТЕКОВНИ РАБОТИ**	**10.150.000,00**
2.1	Непредвидени трошоци	100.000,00
2.2	Финансиски средства за превоз на ученици во средните општински училишта	10.050.000,00
3.	**ИНВЕСТИЦИИ**	**5.695.496,00**
3.1	Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес	3.495.496,00,00
3.2	Реконструкција на двор на СОУ„Гимназија Кочо Рацин“	2.200.000,00
	ВКУПНО	**18.347.496,00**